РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 65 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**До: Меѓународно здружение на граѓани – Културно Ехо**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08 - 837/2
13. 03 2019 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ: Одговор на доставено барање**

Почитувани, задоволство ни е што како здружение на граѓани во рамки на вашиот проект Напуштени Можности со кои сакате да извршите ревитализирање на репрезентативни објекти од културно значење го имате лоцирано и Домот на култура „11 Октомври" во Ченто.

Како општина во изминатиот период имаме започнато постапка за регулирање на имотно правните односи за сите објекти во областа на културата кои се наоѓаат на нашата територија, а започната е изработка на акционен план за обнова и ревитализација на домовите на култура во општината. Овие активности општина Гази Баба ги превзема како дел од процесот за пренесување на децентрализацијата на надлежностите во делот на културата, со што би биле прва општина во нашата држава која го има започнато овој процес.

Стоиме на располагање и отворени сме за соработка со вас за овој проект, но и за реализација на низа други проекти во делот на културата.

Би сакале да ве информираме дека општината на својата територија има вкупно два домови на култура „11 Октомври" во Ченто и Дом на култура во населбата нова Колонија, кои исто така се во лоша состојба и потребно е нивно ревитализирање и враќање повторно во функција, како урбани културни катчиња.

Во таа насока како општина сме подготвени заедно со вас да потпишеме меморандум за соработка во кој би утврдиле понатамошни активности за јакнење на културата и културниот живот во општината.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**
**Борис Георгиевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ 1